Влада на Република Северна Македонија

# З А П И С Н И К
од Осумдесет и третата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 29 јуни 2021 година

Скопје, јуни 2021 година

**З А П И С Н И К**
**од Осумдесет и третата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 29 јуни 2021 година**

Седницата започна во 12:50 часот.

На седницата претседаваа претседателот на Владата на Република Северна Македонија, Зоран Заев, како и првиот заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за координација на политички прашања на ресорите и министер за политички систем и односи меѓу заедниците, Артан Груби и заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за борба против корупцијата и криминалот, одржлив развој и човечки ресурси, Љупчо Николовски.

На седницата присуствуваа м-р Никола Димитров, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија задолжен за европски прашања, Фатмир Битиќи, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции и членовите на Владата м-р Радмила Шекеринска-Јанковска, министер за одбрана, Оливер Спасовски, министер за внатрешни работи, м-р Бојан Маричиќ, министер за правда, д-р Фатмир Бесими, министер за финансии, д-р Бујар Османи, министер за надворешни работи, м-р Крешник Бектеши, министер за економија, Арјанит Хоџа, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, доц. д-р Венко Филипче, министер за здравство, Мила Царовска, министер за образование и наука, Горан Милевски, министер за локална самоуправа, Благој Бочварски, министер за транспорт и врски, како и генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, Мухамед Зеќири и заменикот на генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, Тахир Хани.

На седницата присуствуваа и Лила Пејчиновска Миладиновска секретар на Секретаријатот за законодавство.

Покрај членовите на Владата, на седницата присуствуваа и м-р Енвер Хусејин, заменик на министерот за труд и социјална политика, Александар Бајдевски, заменик на министерот за информатичко општество и администрација и д-р Христина Оџаклиеска, заменик на министерот за животна средина и просторно планирање .

На седницата присуствуваа и Пеце Мирчевски, директор на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија, Душко Арсовски, портпарол на Владата на Република Северна Македонија и Муамет Хоџа, портпарол на Владата на Република Северна Македонија.

Од седницата отсуствуваа членовите на Владата д-р Јагода Шахпаска, министер за труд и социјална политика, д-р Ирена Стефоска, министер за култура, д-р Јетон Шаќири, министер за информатичко општество и администрација и Насер Нуредини, министер за животна средина и просторно планирање.

*

*    *

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

**ДНЕВЕН РЕД**

- Усвојување на Записникот од 79-та седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 15 јуни 2021 година

**ПРЕД ПРЕМИНУВАЊЕ НА ДНЕВЕН РЕД:**

- Национална програма за усвојување на правото на Европската Унија (НПАА) - Ревизија 2021 - 2025

- Информација за запишување ученици во јавните средни училишта во Република Северна Македонија за учебната 2021/2022 година

- Законодавна агенда на Владата на Република Северна Македонија, за периодот 1.7.2021 година – 31.12.2021 година

1. Записник од Четириесет и третиот состанок на Главниот координативен кризен штаб за обезбедување целосна координација во врска со спречување на внесување и ширење на коронавирус COVID-19, одржан на 28 јуни 2021 година

2. Информација за проектот „Родова еднаквост во спортот“

3. Предлог-одлука за давање согласност за спроведување постапка за избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и/или транспортирање, преработка, рециклирање и уништување на отпад (Јавна установа меѓуопштински центар за социјална работа – Прилеп)

4. Барање за добивање согласност за спроведување постапка за избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и/или транспортирање, преработка, рециклирање, и уништување на отпад (НУ Центар за култура Трајко Прокопиев - Куманово)

5. Извештај за спроведена проценка на ризикот од финансирање на тероризам за непрофитните организации во Република Северна Македонија

6. Извештај за реализацијата на судскиот буџет за 2020 година

7. Предлог-одлука за запишување на правото на сопственост на недвижна ствар во корист на Република Северна Македонија во Катастарот на недвижности - Арх. бр.03-134/1 ДП Прилеп

8. Предлог-одлука за запишување на правото на сопственост на недвижна ствар во корист на Република Северна Македонија во Катастарот на недвижности Арх. бр. 03-141/1 ДП Прилеп

9. Предлог-одлука за давање согласност за спроведување постапка за избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и/или транспортирање на отпад (Основен суд - Штип)

10. Предлог-одлука за давање согласност на Одлуката за дополнување на Одлуката за утврдување на висината на надоместокот за услуги на Акционерско друштво Водостопанство на Република Северна Македонија во државна сопственост – Скопје

11. Информација за добивање на согласност за доделување на времено користење на недвижни ствари на АД „Медиумска информативна агенција“ - Скопје, во државна сопственост, со Предлог-одлука

12. Информација за добивање согласност за доделување на времено користење на недвижни ствари без надоместок на Секретаријатот за европски прашања на Владата на Република Северна Македонија, со Предлог-одлука

13. Информација во врска со Решението за утврдување на правото за остварување на плата по престанувањето на функцијата бр. 14-559/7 од 30 март 2021 година

14. Информација во врска со одржувањето на редовното Генерално собрание на акционери на Претпријатието за нафтовод Солун – Скопје - Вардакс АД за 2020 година, закажано за 5 јули 2021 година

15. Информација за потребата од донесување на Одлука за отуѓување на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија предвидено со урбанистички план за изградба од јавен интерес- Е2 - комунална супраструктура БС -бензинска станица со придружно-услужни објекти по пат на електронско јавно наддавање, со Предлог-одлука

16. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за земјоделство и рурален развој

17. Информација во врска со поднесеното барање за категоризација на угостителски објекти за сместување поднесено од хотел Миа’с Фаворите, Маврово и Ростуше, со Предлог-решение за утврдување на категорија на угостителски објект

18. Информација во врска со поднесеното барање за категоризација на угостителски објекти за сместување поднесено од хотел Таи Гроуп, Маврово и Ростуше, со Предлог-решение за утврдување на категорија на угостителски објект

19. Информација во врска со поднесеното барање за категоризација на угостителски објекти за сместување поднесено од хотел Апартменс & Роомс Венеција, Струга, со Предлог-решение за утврдување на категорија на угостителски објект

20. Информација во врска со поднесеното барање за категоризација на угостителски објекти за сместување поднесено од хотел Радика и Резорт, Маврово и Ростуше, со Предлог-решение за утврдување на категорија на угостителски објект

21. Информација во врска со поднесеното барање за категоризација на угостителски објекти за сместување поднесено од хотел Уникат 2017, Охрид, со Предлог-решение за утврдување на категорија на угостителски објект

22. Информација во врска со поднесеното барање за категоризација на угостителски објекти за сместување поднесено од хотел Маврово, Маврово и Ростуше, со Предлог-решение за утврдување на категорија на угостителски објект

23. Информација во врска со поднесената иницијатива за започнување на постапка за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина – дијабаз на локалитетот „Вирови“ с.Подлес, Општина Градско, со Предлог – одлука

24. Информација во врска со поднесената иницијатива за започнување на постапка за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина – глина на локалитетот „Кадиица“, Општина Ресен, со Предлог – одлука

25. Информација за давање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Друштвото за производство, трговија и услуги Клепа - Планинска винарија ДООЕЛ извоз-увоз Скачинци Градско, со Предлог-одлука

26. Информација за давање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Индивидуален земјоделец Николче Стојанов с. Карбинци-Штип, со Предлог-одлука

27. Информација за давање на согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Друштвото за производство, преработка, трговија и услуги Агро Кожувчанка ДООЕЛ, Кавадарци со Предлог-одлука

28. Информација за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објект со намена Г2-лесна и незагадувачка индустрија КО Ќојлија, Општина Петровец, со Предлог-одлука

29. Информација за 175-та седница на Одборот на директори на Претпријатието за Нафтовод Солун - Скопје -Вардакс АД, закажана за 5.7.2021 година

30. Предлог-одлука за давање на право на трајно користење на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија на Општина Бутел (02-3960/1)

31. Предлог-одлука за субвенционирање на каматата која произлегува од Финансискиот договор, ковид-19 одговор на Северна Македонија – Развојна банка на Северна Македонија АД Скопје наменет за финансирање на мали и средни претпријатија и средно пазарно-капитализирани претпријатија, склучен меѓу Европската инвестициона банка и Развојната банка на Северна Македонија АД Скопје, како и пресметаната камата од страна на Развојна банка на Северна Македонија АД Скопје

32. Предлог на закон за измена и дополнување на Законот за основање на државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен

33. Информација за изнајмување на облак (cloud) платформа за хостирање на системите на Министерството за информатичко општество и администрација

34. Информација за констатирани проблеми поврзани со извршување на работните задачи на редовното физичко обезбедување на објектот на Друштвото за производство на производи со посебна намена „11 Октомври“ - Еурокомпозит АД Прилеп од страна на Министерството за внатрешни работи

35. Информација за постапување на обраќањата и препораките на Народниот правобранител упатени до Владата на Република Северна Македонија, органите на државната управа и други органи и организации што имаат јавни овластувања, во периодот јануари-март 2021 година

36. Предлог-одлука за воведување рестриктивни мерки согласно Одлуката за спроведување (ЗНБП) 2020/2130 на Советот од 17 декември 2020 година за спроведување на Одлуката 2012/642/ЗНБП за рестриктивни мерки против Белорусија

37. Предлог-одлука за зголемување на придонес и испраќање на дополнителни 21 (дваесет и еден) припадник од Армијата на Република Северна Македонија за учество во НАТО операцијата „КФОР“ во Република Косово

38. Предлог-одлука за утврдување на премерот во функција за запишување на недвижности сопственост на Република Северна Македонија (КП бр.1/1 КО Мралино – Општина Илинден)

39. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за основното образование

40. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за заштита на децата, по скратена постапка

41. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за социјалната заштита, по скратена постапка

42. Предлог-одлука за утврдување на работите од премерот во функција за запишување на недвижност сопственост на Република Северна Македонија

43. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Неготино (книги)

44. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за служба во Армијата на Република Северна Македонија, по скратена постапка, поднесен од група пратеници

45. Иницијатива поднесена од адвокат Златко Јолески од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.60/2021 за поведување на постапка за оценување на уставноста на член 19 став 17 од Законот за административни службеници („Службен весник на Република Македонија" бр.27/2014, 199/2014, 48/2015, 154/2015, 5/2016, 142/2016, 11/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.275/2019 и 14/2020).

46. Понуда од нотар Стевица Јанева од Струмица за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр,1291 за КО Костурино на КП бр.3788 викано место/улица Село

47. Понуда од нотар Ермира Мехмети од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.1705 за КО Бардовци на КП бр. 675 за викано место/улица Бозелки

48. Понуда од нотар Катерина Митревска од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.1067 за КО Усје на КП бр.1143 викано место/улица Батинско лозје

49. Понуда од нотар Елизабета Стојаноска од Прилеп, за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр. 5218, за КО Варош, на КП бр. 2012/1, Викано место/улица Тополка и Имотен лист бр. 7173, за КО Варош, на КП бр. 2013/1 Викано место/улица Тополка

50. Кадровски прашања

51. Прашања и предлози

52. Информација за можностите за обезбедување на простории, сместувачки капацитети за странски терористички борци - повратници и членови на нивните семејства

53. Информација за обезбедување на соодветни опремени простории, во зоната на граничната контрола, со цел постапување во случај на пристигнување на странски терористички борци – повратници и членови на нивните семејства за обезбедување на првичен институционален третман

54. Информација за квалитет на воздухот во Република Северна Македонија за мај 2021 година

55. Тримесечен извештај за финансиското работење на Јавното претпријатие за управување и заштита на повеќенаменското подрачје „Јасен“- Скопје за прв квартал 2021 година

56. Тримесечен извештај за финансиското работење на Јавното претпријатие за управување и заштита на повеќенаменското подрачје „Јасен“- Скопје за четврти квартал 2020 година

57. Тримесечен извештај за работењето на Железници на Република Северна Македонија – Транспорт А.Д. – Скопје, за период од 1 јануари 2021 година до 31 март 2021 година

58. Информација со предлог за продолжување на лиценците за работа на угостителските објекти ноќен бар, кабаре, дискоклуб и дискоклуб на отворен простор

59. Предлог на закон за отпис на камати и репрограмирање на долгови и трошоци на физички лица во услови на ковид-19, по скратена постпка

60. Предлог-уредба за методологија за распределба на приходите од данокот на додадена вредност по општини за 2022 година

61. Информација со компаративна анализа на увозни давачки при набавка на електрични и хибридни возила, споредени со увозни давачки при набавка на возила со дизел или бензински погонски мотори

62. Информација за предлог промена во режимот на транзитирање низ резерватот Јасен

63. Информација за спроведен Јавен повик за финансиска поддршка на естрадни уметници

64. Предлог текст на Меморандум за разбирање меѓу Република Бугарија, Република Албанија и Република Северна Македонија за соработка во промовирање на оджлива инфраструктура на Коридор VIII

65. Извештај за извршени преговори за текстот на Протоколот меѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Република Франција за спроведување на Спогодбата за преземање на лица кои престојуваат без дозвола

66. Информација за одобрување на ревизија на Анекс I од Договорот за основање на Транспортна заедница

67. Предлог на Анекс на Договорот за концесија склучен помеѓу Република Северна Македонија, како концедент и ТАВ Македонија ДООЕЛ Мралино - Илинден како инвеститор и ТАВ Хавалиманлари холдинг A.S. како референтен оператор

*

* *

Владата без забелешки го усвои Записникот од 79-та седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 15 јуни 2021 година

*

* *

ПРЕД ПРЕМИНУВАЊЕ НА ДНЕВЕН РЕД:

- **Национална програма за усвојување на правото на Европската Унија (НПАА) - ревизија 2021 - 2025**

Владата ја разгледа Националната програма за усвојување на правото на Европската Унија (НПАА) ревизија 2021 – 2025 и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжува Секретаријатот за европски прашања да ја достави Националната програма за усвојување на правото на Европската Унија 2021-2025 до Собранието на Република Северна Македонија, најдоцна до 5 јули 2021 година.

2. Се задолжува Секретаријатот за европски прашања да ја достави Националната програма за усвојување на правото на Европската Унија 2021-2025 до Европската комисија, најдоцна до 31 јули 2021 година.

3. Се задолжува Секретаријатот за европски прашања да подготвува квартални извештаи за реализација на Националната програма за усвојување на правото на Европската Унија 2021-2025 и да ги доставува до Владата и Собранието, почнувајќи од октомври 2021 година.
Истовремено, Министерството за одбрана и Секретаријатот за европски прашања да ги усогласат формулациите и термините од материјалот кои се однесуваат на Министерството за одбрана.

- **Информација за запишување ученици во јавните средни училишта во Република Северна Македонија за учебната 2021/2022 година**

Владата ја разгледа Информацијата за запишување ученици во јавните средни училишта во Република Северна Македонија за учебната 2021/2022 година, како материјал за информирање.

- **Законодавна агенда на Владата на Република Северна Македонија, за периодот 1.1.2021 година – 30.6.2021 година**

Владата заклучи:

1. Законодавната агенда на Владата на Република Северна Македонија, за периодот 1.1.2021-30.6.2021 година, утврдена согласно Програмата за работа на Владата на Република Северна Македонија за 2021 година, согласно дописот на Министерството за информатичко општество и администрација и расправата на седницата, да се измени и тоа:

- рокот за доставување на Предлогот на закон за административни службеници, Предлогот на закон за вработените во јавниот сектор и Предлогот на закон за висока раководна служба да се помести за септември 2021 година и

- рокот за доставување на Предлогот на закон за организација на органите на државната управа, да се помести за ноември 2021 година.

Согласно овие заклучоци, соодветно да се измени Програмата за работа на Владата на Република Северна Македонија за 2021 година.

2. Изменетата Законодавна агенда на Владата на Република Северна Македонија, за периодот 1.1.2021-30.6.2021 година, утврдена согласно Програмата за работа на Владата на Република Северна Македонија за 2021 година (седма измена), да се достави до Собранието на Република Северна Македонија.

3. Се задолжуваат сите министри да го следат реализирањето на Законодавната агенда, навремено да ги планираат активностите во институциите, со цел доследно исполнување на обврските и роковите кои произлегуваат од Законодавната агенда.

*

*        *

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

**<u>Точка 1</u>**

Владата го разгледа Записникот од Четириесет и третиот состанок на Главниот координативен кризен штаб за обезбедување целосна координација во врска со спречување на внесување и ширење на коронавирус COVID-19, одржан на 28 јуни 2021 година, со План за одржување на наставата во основните и средните училишта во учебната 2021/2022 година и предлог-протоколи и врз основа на предлозите изнесени во расправата на седницата на Владата ги донесе следните заклучоци:

1. Го усвои Записникот од Четириесет и третиот состанок на Главниот координативен кризен штаб за обезбедување целосна координација во врска со спречување на внесување и ширење на коронавирус COVID-19, одржан на 28 јуни 2021 година.

2. Го прифати Планот за одржување на наставата во основните и средните училишта во учебната 2021/2022 година, кој да се објави во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

3. Го прифати Протоколот за постапување на основните училишта во Република Северна Македонија за реализација на воспитно-образовниот процес со физичко присуство на учениците, во учебната 2021/2022 година и истиот да се објави во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

4. Го прифати Протоколот за постапување на средните училишта во Република Северна Македонија за реализација на воспитно-образовниот процес со физичко присуство на учениците, во учебната 2021/2022 година, кој да се објави во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

5. Го прифати Протоколот за обезбедување ПЦР тест за туристи, странски државјани со регулиран туристички престој и истиот да се објави во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Истовремено Владата заклучи:

1. Се дозволува работа и во затворениот дел на кафетериите, угостителските објекти и угостителскиот објект/дел за исхрана на бензинските станици, казината и обложувалниците и други објекти кои во склоп на истиот даваат угостителски услуги, со искористеност на капацитетот на затворениот простор до 40% или најмногу до 250 гости, почнувајќи од 1 јули 2021 година.

2. Се дозволува работа и во затворениот дел на угостителските објекти кои се регистрирани за организирање свадби/прослави и веселби, со искористеност на капацитетот на затворениот простор до 40% или најмногу до 250 гости, почнувајќи од 1 јули 2021 година.

Согласно ова, Владата донесе Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за превентивни препораки, времени мерки, наредени мерки, наменски протоколи, планови и алгоритми за постапување за заштита на здравјето на населението од заразната болест COVID-19 предизвикана од вирусот SARS-CoV-2, случаите и временскиот период на нивна примена.

**Точка 2**

Владата ја разгледа Информацијата за проектот „Родова еднаквост во спортот“, како материјал за информирање.

## Точка 3

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за давање согласност за спроведување постапка за избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и/или транспортирање, преработка, рециклирање и уништување на отпад, во предложениот текст.

## Точка 4

Владата по Барањето за добивање согласност за спроведување постапка за избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и/или транспортирање, преработка, рециклирање, и уништување на отпад, со Предлог-одлука, го донесе новиот текст на Одлуката за давање согласност за спроведување постапка за избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и/или транспортирање, преработка, рециклирање и уништување на отпад, во предложениот текст.

## Точка 5

Владата го разгледа и го усвои Извештајот за спроведена проценка на ризикот од финансирање на тероризам за непрофитните организации во Република Северна Македонија.

## Точка 6

Владата го разгледа Извештајот за реализацијата на судскиот буџет за 2020 година, како материјал за информирање.

## Точка 7

Владата го одложи за наредната седница на Владата разгледувањето на Предлог-одлуката за запишување на правото на сопственост на недвижна ствар во корист на Република Северна Македонија во Катастарот на недвижности - Арх. бр.03-134/1 ДП Прилеп, поради потребата предлагачот да достави ново образложение кон Предлог-одлуката и материјалот да се разгледа на седница на Комисијата за политички систем.

## Точка 8

Владата го одложи разгледувањето на Предлог-одлуката за запишување на правото на сопственост на недвижна ствар во корист на Република Северна Македонија во Катастарот на недвижности - бр. 03-141/1 ДП Прилеп за наредната седница на Владата, откако претходно истата ќе биде разгледана на седница на Комисијата за политички систем, поради потребата материјалот да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

**Точка 9**

Владата го донесе најновиот текст на Одлуката за давање согласност за спроведување постапка за избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и/или транспортирање, преработка, рециклирање и уништување на отпад, во предложениот текст.

**Точка 10**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за давање согласност на Одлуката за изменување на Одлуката за утврдување на висината на надоместокот за услуги на Акционерско друштво Водостопанство на Република Македонија, во државна сопственост – Скопје, во предложениот текст.

**Точка 11**

Владата ја разгледа Информацијата за добивање на согласност за доделување на времено користење на недвижни ствари без надоместок на АД „Медиумска информативна агенција“ - Скопје, во државна сопственост, со Предлог-одлука и ја усвои Информацијата, со следниве заклучоци:

1. Условно ја донесе Одлуката за престанок и за давање на времено користење на недвижни ствари на Акционерското друштво „Медиумска информативна агенција“ - Скопје, во државна сопственост, со заклучок, предлагачот да го усогласи текстот на Одлуката со Секретаријатот за законодавство.

2. Се задолжува Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија да достави скица од овластен геометар, која ќе биде составен дел на Одлуката, согласно Мислењето на Министерството за финансии - Управа за имотно-правни работи.

**Точка 12**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за добивање на согласност за доделување на времено користење на недвижни ствари без надоместок на Секретаријатот за европски прашања на Владата на Република Северна Македонија, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и условно ја донесе Одлуката за престанок и за давање на времено користење на недвижни ствари на Секретаријатот за европски прашања на Владата на Република Северна Македонија, со заклучок истата претходно да се усогласи со Секретаријатот за законодавство и предлагачот да достави скица од овластен геометар, која ќе биде составен дел на Одлуката, согласно Мислењето на Министерството за финансии - Управа за имотно правни работи.

**Точка 13**

Владата ја одложи од разгледување Информацијата во врска со Решението за утврдување на правото за остварување на плата по престанувањето на функцијата бр.14-559/7 од 30 март 2021 година за наредната седница на Владата.

## Точка 14

Владата ја разгледа Информацијата во врска со одржувањето на редовното Генерално собрание на акционери на Претпријатието за нафтовод Солун – Скопје - Вардакс АД за работењето на друштвото во 2020 година, закажано за 5 јули 2021 година и ја усвои Информацијата со следниот заклучок:

1. Се овластува управителот на Трговското друштво Нафтовод ДООЕЛ Скопје да го застапува Трговското друштво Нафтовод ДООЕЛ Скопје на Генералното собрание на акционери на Вардакс, закажано за 5 јули 2021 година и по точките од дневниот ред да се изјасни на следниот начин:

- По однос на првата точка од Дневниот ред која се однесува на разгледување на управувањето за работењето во периодот 1.1.2020 - 31.12.2020 година и доставувањето на Извештајот на Одборот на директори, Владата на Република Северна Македонија го овластува управителот на Нафтовод ДООЕЛ Скопје да гласа „воздржан“.

- По однос на втората точка од Дневниот ред која се однесува на финансиските состојби за работењето на друштвото од 1.1.2020 до 31.12.2020 година согласно со меѓународните сметководствени стандарди (М.С.С), со поврзаните извештаи на ревизорите под заклетва и Извештајот на Одборот на директори на Друштвото претпријатие на Нафтоводот Солун – Скопје – Вардакс АД Скопје, Владата на Република Северна Македонија го овластува управителот на Трговското друштво Нафтовод ДООЕЛ Скопје да гласа „воздржан“.

- По однос на третата точка од Дневниот ред Владата на Република Северна Македонија го овластува управителот на Трговското друштво Нафтовод ДООЕЛ Скопје да гласа „воздржан“.

- По однос на четвртата точка од Дневниот ред за одобрување на вкупното управување на Одборот на директори за работењето во 2020 година, согласно членот 108 од Законот 4548/2018 и ослободување на ревизорите, Владата на Република Северна Македонија го овластува управителот на Трговското друштво Нафтовод ДООЕЛ Скопје да гласа „воздржан“.

- По однос на петтата точка од Дневниот ред се овластува управителот на Трговското друштво Нафтовод ДООЕЛ Скопје да гласа „воздржан“ за избор на редовни и заменици-ревизори под заклетва во 2020 година.

## Точка 15

Владата ја разгледа Информацијата за потребата од донесување на одлука за отуѓување на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија предвидено со Урбанистички план за изградба од јавен интерес - Е2 - комунална супраструктура БС - бензинска станица со придружно услужни објекти по пат на електронско јавно наддавање, со Предлог – одлука, ја усвои Информацијата и условно го донесе новиот текст на Одлуката за отуѓување на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија, во предложениот текст, доколку

Агенцијата за катастар на недвижности достави позитивно мислење по материјалот.

**Точка 16**

Владата на предлог на предлагачот го одложи за наредната седница разгледувањето на Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за земјоделство и рурален развој.

**Точка 17**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со поднесеното барање за категоризација на угостителски објекти за сместување поднесено од хотел Миа'с Фаворите, Маврово и Ростуше, со Предлог-решение за утврдување на категорија на угостителски објект, ја усвои Информацијата и го донесе Решението за утврдување на категорија на угостителски објект (хотел Миа'с Фаворите, с. Маврово, Маврово и Ростуше, за хотел од втора категорија со четири (4) ѕвезди), во предложениот текст.

**Точка 18**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со поднесеното Барање за категоризација на угостителски објекти за сместување поднесено од хотел Таи Гроуп, Маврово и Ростуше, со Предлог-решение за утврдување на категорија на угостителски објект, ја усвои Информацијата и го донесе Решението за утврдување на категорија на угостителски објект (хотел Таи Гроуп, со седиште на ул. Ненаселено место без уличен систем бр. 1а, Маврово и Ростуше за хотел од трета категорија со три (3) ѕвезди), во предложениот текст.

**Точка 19**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со поднесеното барање за категоризација на угостителски објект за сместување поднесено од хотел Апартменс & Роомс Венеција, Струга, со Предлог-решение, ја усвои Информацијата и го донесе Решението за утврдување на категорија на угостителски објект, во предложениот текст.

**Точка 20**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со поднесеното Барање за категоризација на угостителски објекти за сместување поднесено од хотел Радика Резорт, с.Леуново, Маврово и Ростуше, со Предлог-решение, ја усвои Информацијата и го донесе Решението за утврдување на категорија на угостителски објект (хотел Радика Резорт, с. Леуново, Маврово и Ростуше, хотел од прва категорија со пет (5) ѕвезди), во предложениот текст.

**Точка 21**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со поднесеното Барање за категоризација на угостителски објект за сместување поднесено од хотел Уникат 2017 (со седиште на ул. Партизанска бр. 56, Охрид, за хотел од прва категорија со пет (5) ѕвезди), со Предлог-решение, ја усвои Информацијата и го донесе Решението за утврдување на категорија на угостителски објект, во предложениот текст.

**Точка 22**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со поднесеното барање за категоризација на угостителски објекти за сместување поднесено од хотел Маврово, Маврово и Ростуше, со Предлог-решение за утврдување на категорија на угостителски објект, ја усвои Информацијата и го донесе Решението за утврдување на категорија на угостителски објект (хотел Маврово, ул. Населено место без уличен систем бр. 79, Маврово и Ростуше, за хотел од трета категорија со три (3) ѕвезди), во предложениот текст.

**Точка 23**

Владата ја одложи од разгледување Информацијата во врска со поднесената иницијатива за започнување на постапка за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина – дијабаз на локалитетот „Вирови" с.Подлес, Општина Градско, со Предлог – одлука поради потребата мислења да достават Министерството за транспорт и врски и Општина Градско.

Материјалот претходно да се разгледа на седница на Комисијата за економски систем и тековна економска политика.

Исто така, предлагачот да ги има предвид укажувањата во Мислењето на Министерството за животна средина и просторно планирање.

**Точка 24**

Владата го одложи разгледувањето на Информацијата во врска со поднесената иницијатива за започнување на постапка за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина – глина на локалитетот „Кадиица" Општина Ресен, со Предлог – одлука поради потребата Министерството за транспорт и врски да достави мислење по материјалот.

Информацијата да се разгледа на седница на Комисијата за економски систем и тековна економска политика.

**Точка 25**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за давање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Друштвото за производство, трговија и услуги Клепа-Планинска винарија ДООЕЛ извоз-увоз Скачинци - Градско, со Предлог – одлука, ја усвои Информацијата и го

донесе новиот текст на Одлуката за давање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба, во предложениот текст.

**Точка 26**

Владата ја разгледа Информацијата за давање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Индивидуален земјоделец Николче Стојанов с. Карбинци Штип, со Предлог-одлука (нов текст), ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба, во предложениот текст.

**Точка 27**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за давање на согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Друштвото за производство, преработка, трговија и услуги Агро Кожувчанка ДООЕЛ, Кавадарци со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и го донесе новиот текст на Одлуката за давање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба, во предложениот текст.

**Точка 28**

Владата ја разгледа Информацијата за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објект со намена Г2-лесна и незагадувачка индустрија КО Ќојлија, Општина Петровец, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објект со намена Г2-лесна и незагадувачка индустрија КО Ќојлија, Општина Петровец, во предложениот текст.

**Точка 29**

Владата ја разгледа Информацијата за 175-та седница на Одборот на директори на Претпријатието за нафтовод Солун – Скопје – Вардакс АД закажана за 5 јули 2021 година и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжува претставникот на Република Северна Македонија во Одборот на директори на Друштвото Вардакс, Бобе Цецев, по однос на точката под реден број 2, да биде „против“ продолжување за една (1) дополнителна година на Договорот „Управување, надзор и одржување на нафтоводот Тессалоники – Скопје и неговите помошни инсталации“.

2. Се задолжува претставникот на Република Северна Македонија во Одборот на директори на Друштвото Вардакс, Бобе Цецев, по однос на точката под реден број 3, да биде „за“ дигитално трасирање на цевководот.

## Точка 30

Владата ја донесе Одлуката за давање на право на трајно користење на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија на Општина Бутел (нов текст), во предложениот текст.

## Точка 31

Владата ја донесе Одлуката за субвенционирање на каматата која произлегува од Финансискиот договор, ковид-19 одговор на Северна Македонија – Развојна банка на Северна Македонија АД Скопје наменет за финансирање на мали и средни претпријатија и средно пазарно-капитализирани претпријатија, склучен меѓу Европската инвестициона банка и Развојната банка на Северна Македонија АД Скопје, како и пресметаната камата од страна на Развојна банка на Северна Македонија АД Скопје, со заклучок текстот на истата редакциски да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

## Точка 32

Владата го разгледа најновиот текст на Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за основање на Државна комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен, го утврди и заклучи да се достави до Собранието, согласно член 137 од Деловникот на Собранието на Република Македонија.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени д-р Јетон Шаќири, министер за информатичко општество и администрација и Александар Бајдевски, заменик на министерот за информатичко општество и администрација, а за повереници Елена Манчева, државен секретар во Министерството за информатичко општество и администрација и Петар Богучевски, раководител на сектор во Министерството за информатичко општество и администрација.

## Точка 33

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за изнајмување на облак (cloud) платформа за хостирање на системите на Министерството за информатичко општество и администрација, ја усвои Информацијата и ги донесе следните заклучоци:

1. Даде согласност за преземање на обврски во програмите опфатени со развојниот дел од Буџетот, за чие плаќање е потребно користење на буџетски средства во наредните 2021, 2022, 2023 и 2024 година на Министерството за информатичко општество и администрација, за услуги за изнајмување на облак (cloud) платформа за хостирање на системите на министерството, во вкупна вредност од 60.000.000,00 денари без ДДВ, со динамика на плаќање и тоа:

- 3.000.000,00 денари во 2021 година
- 13.000.000,00 денари во 2022 година
- 20.000.000,00 денари во 2023 година
- 24.000.000,00 денари во 2024 година

Потребните средства за реализација на набавката во 2021 година се обезбедени во рамките на Буџетот на Република Северна Македонија за 2021 година, во рамките на Раздел 17001 Министерство за информатичко општество и администрација, програма Н, потпрограма НА.

2. Се задолжува Министерството за информатичко општество и администрација потребните средства да ги предвиди во буџетскиот циркулар за соодветните фискални години, а Министерството за финансии да ги има предвид при утврдување на Буџетот на Република Северна Македонија за соодветните фискални години.

## Точка 34

Владата ја разгледа Информацијата за констатирани проблеми поврзани со извршување на работните задачи на редовното физичко обезбедување на објектот на Друштвото за производство на производи со посебна намена „11 Октомври" - Еурокомпозит АД Прилеп од страна на Министерството за внатрешни работи и ја усвои Информацијата со следните заклучоци:

1. Се ослободува Министерството за внатрешни работи од обврската за вршење на редовно физичко обезбедување на објектот на Друштвото за производство на производи со посебна намена „11 Октомври" - Еурокомпозит АД Прилеп;

2. Се укажува на Друштвото за производство на производи со посебна намена „11 Октомври" - Еурокомпозит АД Прилеп да склучи Договор за приватно обезбедување со правно лице со право за вршење на приватно обезбедување во вид на давање на услуги.

## Точка 35

Владата ја разгледа Информацијата за постапување по обраќањата и препораките на Народниот правобранител упатени до Владата на Република Северна Македонија, органите на државната управа и други органи и организации што имаат јавни овластувања, во периодот јануари-март 2021 година и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Се задолжуваат Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија и Министерството за внатрешни работи во рок од пет дена да постапат по барањата, укажувањата и препораките упатени до нив од Народниот правобранител во текот на јануари, февруари и март 2021 година, по кои сè уште не постапиле и за тоа во рок од пет дена да ги известат Народниот правобранител и Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија.

2. Се задолжуваат сите органи на државната управа и им се укажува на институциите кои немаат статус на органи на државната управа, да испратат известување до Народниот правобранител и до Генералниот секретаријат на

Владата на Република Северна Македонија, кога ќе биде целосно завршено постапувањето по барањата и препораките на Народниот правобранител.

3. Се задолжуваат сите органи на државната управа и им се укажува на институциите кои немаат статус на органи на државната управа, извештаите, односно табеларните прегледи за постапување по обраќањата и препораките на Народниот правобранител за април, мај и јуни 2021 година, да ги достават до Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија до 15 јули 2021 година, заедно со копија од одговорот на секоја претставка, доставен до подносителот на претставката и до Народниот правобранител.

**Точка 36**

Владата ја донесе Одлуката за воведување рестриктивни мерки согласно Одлуката за спроведување (ЗНБП) 2020/2130 на Советот од 17 декември 2020 година за спроведување на Одлуката 2012/642/ЗНБП за рестриктивни мерки против Белорусија, во предложениот текст.

**Точка 37**

Владата ја донесе Одлуката за испраќање на припадници на Армијата на Република Северна Македонија за учество во НАТО операцијата „КФОР“ во Република Косово (нов текст), во предложениот текст.

**Точка 38**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за утврдување на работите од премерот во функција за запишување на недвижности сопственост на Република Северна Македонија, во предложениот текст.

**Точка 39**

Владата на предлог на Мила Царовска, министер за образование и наука го одложи разгледувањето на Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за основното образование, со заклучок истиот да се разгледа на седница на Владата кога ќе се разгледуваат Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за заштита на децата, по скратена постапка, Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за социјалната заштита, по скратена постапка и Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за здравственото осигурување.

**Точки 40 и 41**

Владата го одложи разгледувањето на Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за заштита на децата, по скратена постапка и Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за социјалната заштита, по скратена постапка, со заклучок истите да се разгледаат на седница на Владата кога ќе се разгледуваат и Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот

за основното образование и Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за здравственото осигурување.

**Точка 42**

Владата ја донесе Одлуката за утврдување на работите од премерот во функција за запишување на недвижност сопственост на Република Северна Македонија, во предложениот текст.

**Точка 43**

Владата го донесе најновиот текст на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Неготино, во предложениот текст.

**Точка 44**

Владата на предлог на министерот за одбрана, го симна од Дневен ред Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за служба во Армијата на Република Северна Македонија, по скратена постапка, поднесен од група пратеници.

**Точка 45**

Владата ја разгледа Иницијативата У.бр.60/2021 од 12 мај 2021 година, за поведување на постапка за оценување на уставноста на член 19 став (17) од Законот за административни службеници („Службен весник на Република Македонија" бр.27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16 и 11/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" број 275/19 и 14/20) поднесена од адвокат Златко Јолески од Скопје и притоа го утврди следново мислење:

Подносителот на Иницијативата, ја оспорува уставноста на член 19 став (17) од Законот за административни службеници, дека истиот не е во согласност со член 8, член 15, член 50 и член 51 од Уставот на Република Северна Македонија, поради што бара укинување (ex nunc) на овој став од членот на Законот.

Наводите изнесени во Иницијативата се неосновани. Воедно, барањето на подносителот за укинување на став (17) од членот 19 од Законот за административни службеници е беспредметно и противречно, од причина што со членот 19 став (17) јасно е предвидено дека „доколку Комисијата не донесе одлука во рок од осум работни дена од денот на приемот на жалбата кандидатот, во рок од 15 дена по истекот на осумте дена, има право да поднесе тужба пред надлежниот суд".

Целта на оспорениот член 19 од Законот за административни службеници е остварување на правото на правен лек на административните службеници. За оваа цел во рамки на Агенцијата за администрација е основана Комисија за одлучување по жалби и приговори на административните службеници во втор степен. Со ставот (1) од овој член е утврдено дека Агенцијата во своите рамки формира Комисија за одлучување по жалби и приговори на административните службеници во втор степен (во натамошниот текст: Комисијата).

Со ставот (8) на наведениот член е утврдено дека Комисијата одлучува во рок од осум работни дена од денот на приемот на жалбата, доставена од првостепениот орган.

Дополнително ставот (13) од овој член, кој гласи: „За да донесе одлука по изјавена жалба, Комисијата го известува првостепениот орган во рок од три дена од денот на донесувањето на истата“, дава дополнителна гаранција со самото известување на првостепениот орган за одлуката.

Исто така, законодавецот предвидел обврска за достава на одлуката до административниот службеник. Ставот (14) гласи: „Првостепениот орган е должен во рок од три дена да ја достави одлуката од став (13) на овој член до административниот службеник“.

Ставот (16), исто така, е прецизен и предвидува дека против одлуката на Комисијата незадоволниот административен службеник може да поднесе тужба пред надлежен суд во рок од 15 дена од денот на нејзиниот прием. Со оспорениот став (17), дополнително се предвидува можност незадоволниот административен службеник да го искористи правото на правен лек и во случајот кога Комисијата не би донела одлука во законски утврдениот рок од осум работни дека, па така „доколку Комисијата не донесе одлука во рок од осум работни дена од денот на приемот на жалбата, кандидатот, во рок од 15 дена по истекот на осумте дена, има право да поднесе тужба пред надлежниот суд,“ Ова, особено ако се има предвид дека органите на државната управа во рамките на својата надлежност се должни да им обезбедат на граѓаните ефикасно и законито остварување на нивните уставни слободи и права, на со закон утврдените права и интереси за сите учесници во управната постапка, меѓу другото и преку непосредна комуникација со странките. Согласно наведеното, се смета дека оспорената одредба на став (17) од член 19 на Законот за административни службеници не е неуставна, како што се наведува во предметната Иницијатива, туку се работи за примена на законската одредба.

Согласно член 8 став 1 алинеи 1 и 3 од Уставот на Република Северна Македонија, како темелни вредности на уставниот поредок меѓу другото, се утврдени основните слободи и права на човекот и граѓанинот признати со меѓународното право и утврдени со Уставот и владеењето на правото. Со оспоруваниот член се остварува право на човекот и граѓанинот (односно административниот службеник), што секако не води кон рушење на владеењето на правото, туку напротив кон негово јакнење.

Со членот 50 од Уставот е предвидено дека секој граѓанин може да се повика на заштита на слободите и правата утврдени со Уставот пред судовите и пред Уставниот суд на Република Македонија во постапка заснована врз начелата на приоритет и итност. Се гарантира судска заштита на законитоста на поединечните акти на државната управа и на другите институции што вршат јавни овластувања.

Граѓанинот има право да биде запознат со човековите права и основни слободи и активно да придонесува, поединечно или заедно со други за нивно унапредување и заштита.

Со овие два члена од Уставот, а преку ставот 17 од членот 19 од Законот за административни службеници се гарантира правото на административните службеници на судска заштита. Овој став не предизвикува правна несигурност кај граѓаните од процесна гледна точка уште повеќе што со член 51 став 1 од Уставот е предвидено дека, во Република Северна Македонија законите мораат да бидат во согласност со Уставот, а сите други прописи со Уставот и со закон.

Имајќи го предвид горенаведеното, Владата на Република Северна Македонија смета дека одредбата на ставот (17) од членот 19 од Законот за административни службеници („Службен весник на Република Македонија" бр.27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16 и 11/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" број 275/19 и 14/20) не е во спротивност на Уставот на Република Северна Македонија, поради што му предлага на Уставниот суд на Република Северна Македонија да не поведе постапка за оценување на уставноста на наведената законска одредба, со оглед на фактот што истата е во согласност со Уставот на Република Северна Македонија.

**Точка 46**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Стевица Јанева од Струмица за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр,1291 за КО Костурино на КП бр.3788 викано место/улица Село и по Понудата го усвои Известувањето од Министерството за транспорт и врски.

**Точка 47**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Ермира Мехмети од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.1705 за КО Бардовци на КП бр. 675 за викано место/улица Бозелки и по Понудата го усвои негативното Мислење од Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и Известувањето од Министерството за транспорт и врски.

**Точка 48**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Катерина Митревска од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.1067 за КО Усје на КП бр.1143 викано место/улица Батинско лозје и не ја прифати Понудата имајќи ги предвид негативните мислења на Министерството за транспорт и врски и Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

**Точка 49**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Елизабета Стојаноска од Прилеп, за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр. 5218, за КО Варош, на КП бр. 2012/1, Викано место/улица Тополка и Имотен лист бр. 7173, за КО Варош, на КП бр. 2013/1 Викано место/улица Тополка и не ја прифати Понудата, имајќи го предвид негативното мислење на Министерството за транспорт и врски.

## Точка 50

**1.** Владата ја избра Магдалена Филиповска – Грашкоска за претседател на Инспекцискиот совет, со мандат од 4 години, сметано од 3 октомври 2021 година и истовремено ѝ утврди коефициент за пресметување на плата.

**2.** Владата ја именува Нола Исмајлоска-Старова за Национален координатор за регионална соработка и европски интеграции, сметано од 1.7.2021 година и истовремено и утврди коефициент за пресметување на плата.

**3.** Владата ја донесе Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за утврдување на коефициенти за пресметување на платата на функционерите кои ги именува Владата на Република Македонија, со која, алинејата национален координатор за интеграција во Европската Унија, Берлински процес и регионална соработка, се менува во национален координатор за регионална соработка и европски интеграции.

**4.** Владата по објавениот Јавен оглас за именување на претседател и член на Инспекцискиот совет, објавен во дневните весници „Вечер“, „Нова Македонија“ и „Коха “, на 26.3.2021 година, во делот за именување на член на Инспекцискиот совет од областа на земјоделство, шумарство, ветеринарство и безбедност на храна, заклучи да не врши избор.

4.1. Владата заклучи Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија на веб-страницата на Владата, како и во најмалку два дневни весници, од кои еден што се издава на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните кои зборуваат на службен јазик различен од македонскиот јазик, да објави Јавен оглас за именување на член на Инспекцискиот совет од областа на земјоделство, шумарство, ветеринарство и безбедност на храна.

**5.** Владата заклучи, да му препорача на Надзорниот одбор на АД ЕСМ-Скопје, за член на Управниот одбор-директор за општи и правни работи да ја избере Душица Сеизовска-Јовановиќ.

## Точка 51

**1.** По повод Известувањето од Министерството за финансии, во врска со барањето на ОЕЦД, Република Северна Македонија да се приклучи кон Pillar 1 и Pillar 2 од БЕПС инклузивната рамка, пред одржувањето на состанокот на БЕПС инклузивната рамка кој ќе се одржи на 1 јули 2021 година, Владата го донесе следниот заклучок:

- Владата на Република Северна Македонија се приклучува кон консензусот за Pillar 1 и Pillar 2 од БЕПС инклузивната рамка.

**2.** Владата го разгледа Дописот од Министерство за одбрана по Барање за санирање на извориште, од 11.3.2021 година и ги задолжи Министерството за одбрана и Генералштабот на Армијата на Република Северна Македонија да помогнат во санирањето на извориштето и обновата на селскиот водовод во с. Лешок, согласно можностите и потребите.

**3.** Владата го разгледа Дописот од Министерство за одбрана по Барање за изведување на градежни работи, поднесено од Месната заедница на с. Волче, Општина Македонски Брод, од 11.2.2021 година и ги задолжи Министерството за одбрана и Генералштабот на Армијата на Република Северна Македонија да помогнат во тампонирањето на патот за жителите на селото Волче, согласно можностите и потребите.

**4.** Владата го разгледа и го прифати Известувањето за преземените активности во врска со Одлуката на Собранието на Република Северна Македонија за продолжување на рокот за постоење на кризна состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија, заради висок ризик од зголемен обем на влез и транзитирање на мигранти низ територијата на Република Северна Македонија и заради заштита на јавното здравје од илегална миграција во услови на постоење на пандемија прогласена од Светската здравствена организација за вирусот SARS-CoV-2 и спречување од негово ширење, со кои се загрозува безбедноста, здравјето и имотот на населението, за периодот од 17 јуни 2021 година до 23 јуни 2021 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и до Собранието на Република Северна Македонија.

**5.** Владата го разгледа и го прифати Известувањето за преземените активности во врска со Одлуката на Собранието на Република Северна Македонија за одобрување на продолжување на рокот за постоење на кризна состојба на територија на Република Северна Македонија, заради заштита на јавното здравје во услови на постоење на пандемија прогласена од Светската здравствена организација од заразната болест COVID-19 предизвикана од вирусот SARS-CoV-2 и заради спречување од негово ширење во зголемен обем со што се загрозува безбедноста на здравјето на населението, за период од 19 јуни 2021 година до 25 јуни 2021 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и до Собранието на Република Северна Македонија.

**6.** Владата ја разгледа Иницијативата за експропријација поднесена од Правното лице - Друштво за производство на електрична енергија Парк на ветерни електрани Еуроинг ДОО увоз -извоз Гевгелија, под број 0302-215 од 24 јуни 2021 година и даде согласност за експропријација на недвижностите со податоци како што се наведени во табелите во прилог на Барањето, со цел реализација на изградба на објект од јавен интерес од областа на енергетиката согласно член 27 од Законот за експропријација.

**7.** Владата го разгледа Барањето за престанување на важење на Заклучок од 57-та седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 23 март 2021 година, го прифати Барањето и заклучи:

- Заклучокот од 57-та седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 23 март 2021 година под бр.1, донесен по Информацијата за спроведување на Планот за управување со светското природно и културно наследство на Охридскиот Регион да престане да важи поради исполнување на целта на истиот.

**8.** Владата заклучи да го повлече од собраниска постапка Предлогот на закон за учебници и други наставни и дидактички материјали во основно и средно образование, доставен до Собранието на Република Северна Македонија, со писмо бр.40-4189/1 од 27 април 2021 година.

**9.** Владата го задолжи Министерството за внатрешни работи да подготви план и организација за полициско обезбедување на гласачките места на територијата на Република Северна Македонија во Кавадарци, Охрид, Струмица и Штип за граѓаните кои имаат и државјанство на Република Бугарија и право на глас, со цел безбедно спроведување на парламентарните избори на Република Бугарија на 11 јули 2021 година во нашата држава.

**10.** Владата ја донесе Одлуката за одобрување на средства од Буџетот на Република Северна Македонија за 2021 година (за Дејвис Куп за мажи), во предложениот текст.

**11.** Владата ја донесе Одлуката за одобрување на средства од Буџетот на Република Северна Македонија за 2021 година (за Охридско лето), во предложениот текст.

**12.** Директорот на Службата за заеднички општи работи на Владата на Република Северна Македонија ги информираше членовите на Владата за состојбата со набавката на возила за државните институции преку Службата за заеднички општи работи. Притоа се констатира дека во земјава има недостаток на севкупна понуда на возилата, а следна понуда за електрични возила може да се очекува во средината на 2022 година.

Истовремено, Владата заклучи да им препорача на органите на државната управа во следните набавки на возила, дел од набавените возила да бидат електрични, хибридни или возила кои помалку загадуваат.

Исто така, се препорачува на локалната самоуправа и правосудството да го следат ваквиот пример.

13. Министерот за внатрешни работи, Оливер Спасовски, ги информираше членовите на Владата дека почнувајќи од 5 јули 2021 година ќе почнат да се издаваат првите патни и јавни исправи (пасоши, лични карти, возачки дозволи и др.) во Република Северна Македонија со новото уставно име на државата, како и согласно Законот за употреба на јазиците.

**Точка 52**

Владата ја разгледа Информацијата за можностите за обезбедување на простории, сместувачки капацитети за странски терористички борци - повратници и членови на нивните семејства, како материјал за информирање.

**Точка 53**

Владата ја разгледа Информацијата за обезбедување на соодветни опремени простории, во зоната на граничната контрола, со цел постапување во случај на пристигнување на странски терористички борци – повратници и членови на нивните семејства за обезбедување на првичен институционален третман, како материјал за информирање.

**Точка 54**

Владата ја разгледа Информацијата за квалитет на воздухот во Република Северна Македонија за мај 2021 година, како материјал за информирање.

**Точка 55**

Владата го разгледа Тримесечниот извештај за финансиското работење на Јавното претпријатие за управување и заштита на повеќенаменското подрачје „Јасен"-Скопје за прв квартал од 2021 година, како материјал за информирање.

**Точка 56**

Владата го разгледа Тримесечниот извештај за финансиското работење на Јавното претпријатие за управување и заштита на повеќенаменското подрачје „Јасен"-Скопје за четврти квартал 2020 година, како материјал за информирање.

**Точка 57**

Владата го разгледа Тримесечниот извештај за работењето на Железници на Република Северна Македонија – Транспорт А.Д. – Скопје, за период од 1 јануари 2021 година до 31 март 2021 година, како материјал за информирање.

**Точка 58**

Владата ја разгледа Информацијата со предлог за продолжување на лиценците за работа на угостителските објекти ноќен бар, кабаре, дискоклуб и дискоклуб на отворен простор и го задолжи Министерството за економија да направи измени и дополнувања на Зконот за угостителска дејност во насока на постоечките угостителски објекти коишто веќе имаат лиценца да се даде можност во услови на COVID пандемијата да бидат ослободени од надоместокот за плаќање на лиценца.

**Точка 59**

Владата го разгледа новиот текст на Предлогот на закон за отпис на камати и репрограмирање на долгови и трошоци на физички лица во услови на ковид-19, по скратена постапка, го утврди и заклучи да се достави до Собранието, согласно член 170 од Деловникот на Собранието на Република Македонија.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени м-р Бојан Марачиќ, министер за правда, д-р Фатмир Бесими, министер за финансии, д-р Фатмир Битиќи, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација со

економските ресори и инвестиции, м-р Агим Нухиу, заменик на министерот за правда и д-р Димитар Ковачевски, заменик на министерот за финансии, а за повереник Мухамед Точи, државен секретар во Министерството за правда.

## Точка 60

Владата ја разгледа Предлог - уредбата за методологија за распределба на приходите од данокот на додадена вредност по општини за 2022 година и условно ја донесе Уредбата за методологија за распределба на приходите од данокот на додадена вредност по општини за 2022 година, со заклучок предлагачот да достави позитивно мислење од Комисијата за следење на развојот на системот за финансирање на општините.

Истовремено, Владата го задолжи Министерството за финансии да ги разгледа:
- можноста за зголемување на процентот според кој се утврдува висината на дотацијата од ДДВ за да не се загрози финансиската состојба на општините, особено поради намалените приходи од наплатениот ДДВ во претходната година, предизвикани од пандемијата на коронавирусот COVID-19,
- потребата од воведување на дополнителни критериуми при распределбата на дотацијата од ДДВ поврзани со успешноста на општините за собирање на сопствените приходи и
- можноста за воведување на фонд за воедначување со кој би се обезбедиле дополнителни средства за општините кои немаат можност да обезбедат доволно средства за финансирање на своите надлежности.

## Точка 61

Владата ја разгледа Информацијата со компаративна анализа на увозни давачки при набавка на електрични и хибридни возила, споредени со увозни давачки при набавка на возила со дизел или бензински погонски мотори, како материјал за информирање.

## Точка 62

Владата ја разгледа Информацијата за предлог промена во режимот на транзитирање низ резерватот „Јасен“ и условно ја усвои доколку позитивни мислења по материјалот достават Министерството за одбрана, Министерството за животна средина и просторно планирање и ЈП за управување и заштита на повеќенаменското подрачје „Јасен“, со следниот заклучок:

- Се задолжува ЈП за управување и заштита на повеќенаменското подрачје „Јасен“ да постапи по основ на барањето од Здружението на граѓани „Поречки средби“ согласно своите надлежности.

## Точка 63

Владата ја разгледа Информацијата за спроведен Јавен повик за финансиска поддршка на естрадни уметници, со Предлог-одлука и притоа заклучи:

1. Ја усвои Информацијата за спроведен Јавен повик за финансиска поддршка на естрадни уметници.

2. Владата одлучи да се исплати финансиска поддршка на 745 естрадни уметници кои ги исполнуваат условите од повикот.

3. Ја донесе Одлуката за одобрување на средства од Буџетот на Република Северна Македонија за 2021 година (алтернатива 2), во предложениот текст .

## Точка 64

Владата го разгледа Предлог текстот на Меморандумот за разбирање меѓу Република Бугарија, Република Албанија и Република Северна Македонија за соработка во промовирање на одржлива инфраструктура на Коридор VIII, го усвои текстот на Меморандумот и го овласти Благој Бочварски, министер за транспорт и врски да го потпише Меморандумот за разбирање меѓу Република Бугарија, Република Албанија и Република Северна Македонија за соработка во промовирање на одржлива инфраструктура на Коридор VIII.

## Точка 65

Владата го разгледа Извештајот за извршени преговори за текстот на Протоколот меѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Република Франција за спроведување на Спогодбата за преземање на лица кои престојуваат без дозвола, со текст на Протоколот и го усвои Извештајот, со следните заклучоци;

1. Го прифати усогласениот текст на Протоколот меѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Република Франција за спроведување на Спогодбата за преземање на лица кои престојуваат без дозвола;

2. Се определува министерот за внатрешни работи, Оливер Спасовски, во име на Владата на Република Северна Македонија да го потпише Протоколот меѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Република Франција за спроведување на Спогодбата за преземање на лица кои престојуваат без дозвола.

## Точка 66

Владата ја разгледа Информацијата за одобрување на ревизија на Анекс I од Договорот за основање на Транспортна заедница и притоа заклучи:

1. Условно ја усвои Информацијата, доколку Министерството за транспорт и врски ќе ги обезбеди потребните мислења од надлежните институции.

2. Се задолжува Министерството за транспорт и врски, преку своите претставници во Регионалниот управен комитет да даде согласност на Одлуката за измена на Анекс I од Договорот за основање на Транспортна заедница и се задолжува министерот за транспорт и врски на Република Северна Македонија на претстојниот Министерски совет да ја одобри Одлуката.

## Точка 67

Владата го разгледа текстот на Предлогот на Анекс на Договорот за концесија склучен помеѓу Република Северна Македонија, како концедент и ТАВ Македонија ДООЕЛ Мралино-Илинден како инвеститор и ТАВ Хавалиманлари холдинг A.S. како референтен оператор и притоа заклучи:

1. Го прифати текстот на Анексот на Договорот за концесија склучен помеѓу Република Северна Македонија, како концедент и ТАВ Македонија ДООЕЛ Мралино-Илинден како инвеститор и ТАВ Хавалиманлари холдинг A.S. како референтен оператор.

2. Претседателот на Владата на Република Северна Македонија, да го потпише Анексот на Договорот за концесија склучен помеѓу Република Северна Македонија, како концедент и ТАВ Македонија ДООЕЛ Мралино-Илинден како инвеститор и ТАВ Хавалиманлари холдинг A.S. како референтен оператор.

*

*     *

На седницата се водени стенографски белешки.

Седницата заврши во 15:55 часот.

ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Мухамед Зеќири

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Зоран Заев